Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 05.11.2020

На 04.11.2020 околу 15.00 часот на ул.„Никола Парапунов" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода С.А.(23) и С.Ј.(33) од Гостивар, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Двајцата биле задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2020 околу 23.00 часот на ул.„Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Л.А.(20) од Гостивар, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и ќе следува соодветен поднесок.

На 04.11.2020 околу 21.15 часот во близина на наплатната станица Желино, полициски службеници на СВР Тетово ги привеле Ј.Ќ.(41) од тетовско Нераште и И.А.(61) од Тетово, затоа што при нивен и преглед на возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, што го управувал Н.Т.(39) од Тетово, биле пронајдени два ножа. Против двајцата пријавени ќе бидат поднесени пријави по член 80 од Законот за оружје.

На 05.11.2020 во 03.45 часот на Граничниот премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода И.М.(37) од с.Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари", по чл.268 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 04.11.2020 во 23.00 часот било пријавено дека на крстосница од улиците „Климент Охридски" и „Ѓорѓи Василев" во Струмица се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл, со струмички регистарски ознаки, управуван од 15 - годишник од с.Куклиш и патничко возило „алфа ромео", со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.Н.(20) од Струмица. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Струмица.

На 04.11.2020 во 14.30 часот било пријавено дека во с.Канарево, кумановско, Т.М.(72) од Куманово, при изведување земјоделски работи, бил прегазен од тракторот додека откачувал плугови од него, и починал на местото на незгодата. Смрт констатирал лекар, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 05.11.2020 во 00.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.Т.(18) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.В.(70) од с.Слатински Чифлик, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали" и „фалсификување на огнено оружје" и против У.В.(37) од с.Лескоец, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали" и „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес во домот на В.В. биле пронајдени и одземени една ловна пушка „Моссберг", еден пиштол „Црвена Застава" и 22 куршуми со различен калибар, за кои не поседувал дозвола за држење и користење, додека при претрес во домот на второпријавениот била пронајдена марихуана.

На 05.11.2020 околу 07.30 часот на ул.„Беличица" во Гостивар се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фиат чинквченто", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(31) од Гостивар, патничко возило „бмв", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од С.Ш. од Гостивар и паркирано товарно возило „ивеко", со скопски регистарски ознаки. Во незгодата, возачот Е.Р. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Ферид Мурат" во Гостивар. Увид на местото извршила екипа од ОВР Гостивар.

На 04.11.2020 во 13.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека В.В.(63), за кого на 02.11.2020 беше пријавено дека се оддалечил од приватна установа за заштита на стари лица во с.Волково, скопско, бил вратен во установата.

На 04.11.2020 во 23.10 часот било пријавено дека во паркот „Жена борец" во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.П.(41) и Р.К.(46), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.11.2020 во СВР Битола било пријавено дека во периодот од 14.08.2020 до моментот на пријавување непознат сторител извршил тешка кражба на агрегат за предавателна базна станица, сопственост на мобилен оператор, во атар на с.Слепче, демирхисарско,. Според пријавеното, сторителот со употреба на сила и подесен алат влегол во базната станица и ги одзел составните делови на агрегатот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2020 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 14.30 часот во аптека на ул.„Индира Ганди" во Скопје едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(63) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 22.01.2020 на ул.„Јане Сандански" во Тетово, пријавениот физички го нападнал Б.Ќ.(25) од с.Шемшово, тетовско.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Е.(18), С.Б.(22) и Ј.Б.(31), тројцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 04.08.2020 во Тетово, А.Е. физички го нападнал В.Ј.(31) од Тетово, а С.Б. и Ј.Б. удирале по неговото возило.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.А.(68) од с.Чифлик, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 13.10.2020 во с.Чифлик, тетовско, пријавениот, по вербална расправија поради претходни недоразбирања, физички го нападнал Р.М.(75) од с.Чифлик, удирајќи го со ловечка пушка.

СВР Велес поднесе кривична пријава против П.М.(38) и Љ.С.К.(43), двајцата од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 22.05.2020 на ул,,Благоја Крстиќ", по извршена купопродажба на наркотична дрога помеѓу П.М и И.М., полициски службеници го сопреле И.М. и при преглед кај него бил пронајден хероин. Потоа, со судска наредба бил извршен претрес во домот на П.М., каде била затекната неговата невенчана сопруга Љ.С.К. При преглед кај неа и во домот бил пронајден хероин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.А.(23) од с.Љубодраг, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „противправно лишување од слобода" и „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 03.11.2020 во семејната куќа во с.Љубодраг, пријавениот, по вербална расправија, ја заклучил неговата мајка Н.А.(44) во нивниот дом, закануваајќи се да не повика полиција. Со помош на соседи таа повикала полиција, а откако Н.А. ги забележал полициските службеници, се обидел со остар предмет да ги повреди, по што самиот си нанел повреди. По укажаната помош во кумановската Болница пријавениот, на 04.11.2020 бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор К'шање.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Џ.(19) од с.Боговиње, тетовско, поради постооење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Пријавениот, на социјалната мрежа "Instagram" креирал лажни профили за кои прибирал, обработувал и користел лични податоци на малолетничка од тетовско село, со што ѝ наштетил на нејзините чест и углед. Пријавениот бил лишен од слобода и приведен во просториите на СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 04.11.2020 во 22.45 часот во СВР Велес било пријавено дека 57 - годишна жена од Велес била физички нападната со тврд предмет од нејзиниот 57-годишен сопруг. Сопругот бил лишен од слобода и приведен во Полициската станица Велес, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет